**ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА**

РАБОТИЛНИЦА ЗА: ОСНОВИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА, СТАНДАРДИ, УСЛОВИ ЗА РАБОТА, ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЧКИ ВЕШТИНИ НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

ПРОЕКТ: „ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ УСЛОВИ И ДИЈАЛОГ СО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ"

Почитувани,

Ни претставува задоволство да го најавиме повикот за учество на работилница за основи за безбедност и здравје при работа, стандарди, услови за работа, застапување и лобирачки вештини на претставниците на граѓанските и медиумските организации. Работилницата ќе биде спроведувана од страна на квалификувани домашни обучувачи и експерти од Европа и ќе бидат насочени кон подобрување на знаењето на претставниците на Граѓанските организации за развивање на стратегија за комуникација, комуникациски алатки и техники со медиумските организации во насока на подигнување на јавната свест за подобрување на работните услови.

Обуката ќе се одржи во Охрид, во периодот од 12-14 Септември 2017.

Крајниот рок за поднесување на вашата апликација е до 31.08.2017 година до 16:30 часот.

Заинтересираната организација може да номинира по двајца учесници.

This project is funded by The European Union
A project implemented by:
AOSHC
KOSHA

**За проектот:**

Проектот - "Зголемување на капацитетите и зајакнување на улогата на регионалните организации за подобрување на условите за работа и дијалог со Државните институции ", имплементиран во рамки на Европскиот инструмент EuropeAid/150147/DH/ACT/PRAREG, поддржан од страна на Европската комисија во Брисел. Проектот се спроведува во 5 организации од 5 ИПА земји:

- Македонско здружение за заштита при работа
- Српско здружение за заштита при работа
- Албаснки центар за безбедност и здравје при работа
- Косовско здружение за заштита при работа
- Црногорско здружение за безбедност при работа

Основна цел на проектот: Воспоставување дијалог меѓу Граѓанските и медиумските организации во насока на подобрување на работните услови.

Специфична цел е градење на повеќе динамично Граѓанско општество преку вмрежување, застапување, креирање на долгорочно стратешко организациско планирање и потикнување на нивото на вклученост на Граѓанските организации во процесот на донесување одлуки за обезбедување на безбедни и здрави услови за работа.

Заинтересираните учесници ќе имаат можност да учествуваат во понатамошните активности на проектот на локално и национално ниво.

**Профил на учесници**

- Граѓански и медиумиски организации

**Работен јазик**

Официјален јазик за работа на обуката ќе биде англиски јазик (ќе има и симултан превод) и на македонски јазик.

**Сместување и патни трошоци**

Сместување и патни трошоци ќе бидат покриени од страна на организаторот на обуката.

**Како да аплицирате**

Заинтересираните учесници потребно е да ја пополнат пријавите за обуката.

Вашето учество потребно е да го пријавите најдоцна до **31.08.2017 година до 16:30 часот.**

This project is funded by The European Union
A project implemented by:
AOSHC
KOSHA

Потврда за учество ќе биде испратена на избраните кандидати по истекот на рокот за пријавување.

За сите дополнителни прашања и информации контактирајте не на тел +389 (0)2 / 2774 868 или на е-пошта на kontakt@mzzpr.org.mk

Со почит,

Милан ПЕТКОВСКИ

Проект Менаџер

Славица ЈАНКОВА

Проектен службеник

This project is funded by The European Union

A project implemented by: